**Ковид 19 пандемија – Парадокс на нашето време**

Васо Талески
Факултет за медицински науки
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, С. Македонија

Постојат седум познати хумани корона вируси од кои четири најчесто причинуваат лесни настинки кај особи со добар имун систем. Останатите три вида кои се откриени во последните две децении (SARS CoV, MERS CoV и SARS CoV-2), се пренесуваат како зоонози и се причинители на тешки респираторни заболувања и смрт.
Најновиот и најопасниот од групата на Корона вируси се појави за прв пат во декември 2019 година, во градот Вухан, во Кина. Вирусот е идентификуван на 7 јануари 2020 година и е наречен 2019 – nCoV (novel Coronavirus), но подоцна (на 11 февруари 2020) СЗО го преименува во *SARS-CoV-2,* а заболувањето го нарече COVID-19. Комплетниот геном на SARS CoV-2 вирусот е секвенциониран и официјално објавен на 10 јануари 2020 година.
Заради брзото ширење во светот, СЗО објави пандемија со COVID-19 на 11 март 2020 година. Според последните податоци (21 септември 2021), инфицирани биле 230,172,313, умреле 4,719,645, оздравеле 206,874,302 особи.
Од јули 2021, идентификувани се четири варијанти на SARS-CoV-2 вирусот: алфа, бета, гама и делта варијанта (доминантна во светот).

Од самиот почеток, пандемијата е поврзана со огромен број на предизвици и парадокси, невидени и незабележани во досегашната историја. Овие парадокси се поврзани со повеќе прашања и малку одговори како што се: потеклото на вирусот (природен или создаден во лабораторија), дијагностиката (PCR, антигенски тестови, одредување на антитела, биохемиски индикатори), можностите за превенција (маски, дистанца, вакцини, витамини, антиоксиданси, пробиотици), можностите за терапија (непостоење на ефикасни стратегии и протоколи, употреба на: моноклонални антитела, антибиотици, антивирусни лекови, антипаразитарни лекови, интерферон, кислород, кортикостероиди, антикоагуланси, EXO-CD24), рестриктивните мерки, добивање на информации преку сите видови медиуми како и „научни“ часописи – вистинити и невистинити, чести менување на мислења, препораки и ставови и од највисоки инстанци како што е СЗО, не постоење на активности за промоција на здравјето, страв, паника и стрес кои се присутни кај огромен дел од светското население, блокадата и нефункционирањето на здравствените системи како и на сите други аспекти на животот.
Пандемијата има огромно влијание и на стоматолошката пракса (ограничен пристап до услугите) заради ризикот од создавање на аеросоли од плунката на пациентите и блискиот контакт со пациентите кои овозможуваат пренос на вирусите во двата правци.